Подготвил:
Александар КЕЛТАНОСКИ

## HOP-ON




Компанијата "Hop-on", практично непозната во светот на мобилната телефонија, го претстави својот нов мобилен телефон, моделот GSM 1883. Имено, станува збор за телефон со вграден GPS приемник (SIRF STARIII), колор екран чувствителен на допир, батерија со голем капацитет, можност за играње игри, и 2-мегапикселна камера со можност за снимање видео. GPS приемникот на овој телефон има неколку посебни карактеристики специјално наменети за децата и за постарите луѓе. Една од тие можности е SMS "wake up", што значи дека во замислена ситуација, доколку детето со себе го има овој телефон родителот може да испрати СМС до телефонот, при што автоматски добива повратна информација за моментната локација на телефонот, односно на неговото дете. Овој тип иновативна технологија на локациски сервиси може да има практична примена и во многу други ситуации и се очекува дека ќе биде една од главните причини зошто некој купувач би се одлучил токму за нивниот модел на мобилен телефон.

## NOKIA N82



Новата Nokia нема да направи некоја голема револуција, главно, станува збор за разни подобрувања во однос на неодамна претставениот лизгачки N81, но овој пат тој е во стандардно плочкасто куќиште. Nokia N82 може да се пофали со камера со Zeus оптика, опремена со пет мегапиксели, блиц и автоматски фокус, што го рангира во понудата на телефони со врвна технологија и одлични фотографски способности. Тука е екранот од 2,4 инчи, GSM/EDGE и HSDPA (само за Европа) комуникација, односно вградено Wi-Fi мрежно поврзување. Меморијата може да се дополни со MicroSD картичка, а интересно е дека Nokia конечно ги задоволила потребите на корисниците и само во овој мобилен уред е ставен стандарден 3,5 милиметарски приклучок за слушалки. Сите овие информации го класифицираат овој уред во телефони со врвни мултимедијални способности.


